РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1719/5
05.01 г./v. 2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – ---------------------- од -----------------, на продолжението на 45-тата седница одржано на 30.12.2020 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител – ------------------------------- од ----------------, на ден 31.03.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-1719/1 од 31.03.2020 година, во која се укажува на непостапување од страна на АД за стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката Скопје, подружница -----------, во врска со барање за вршење увид за постоење на подруми во станбен објект во Демир Хисар.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-1719/1 од 31.03.2020 година, затоа што постапил друг надлежен државен орган.

Предметот со број 12-1719/1 од 31.03.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-1719/1 од 31.03.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ---------------------- од ------------------.

Во пријавата се укажува на непостапување од страна на АД за стопанисување со станбен и деловен простор – ------------ во врска со барање за вршење увид за постоење на подруми во станбен објект во --------- ---------. Подносителот наведува дека писмено се има обратено за вршење на увид, а по неговото барање не е постапено повеќе од една година. Во пријавата се наведува дека увидот е потребен

за откуп на подрумите од Република Северна Македонија кои моментално биле узурпирани од сосед на подносителот, а невршењето на увид укажува дека со тоа од страна на АД за стопанисување со станбен и деловен простор – ---------------- се штити соседот.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија побара од АД за стопанисување со станбен и деловен простор – -------------------- во рамки на своите законски надлежности да постапи по наводите во пријавата, а за преземените мерки и активности, односно за исходот од постапувањето да ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата.

Од страна на АД за стопанисување со станбен и деловен простор – -------------- е добиен одговор со прилог документација со што ја известува Државната комисија дека по проверката на книговодствената евиденција е утврдено дека друштвото не стопанисува со станбениот простор на ---------------------- бр.4 стан бр.4, истиот е продаден, а документацијата е преземена во 1994 година од поранешната Самоуправна интересна заедница на становање Општина -----------------------. Предметниот станбен простор е продаден од фирмата АД --------------------------------, како продавач, а купувач е ------------------- како носител на станарско право согласно договор за купопродажба. Пресметката за купување на станбениот простор ја има изготвено Самоуправна интересна заедница на становање Општина ---------------------. Во образецот за утврдување на градежната вредност на станот изразена во бодови, нема бодови за визба и стои дека зградата е без подрум. Од ова произлегува дека лицето -----------------------, согласно договорот за користење на стан (нема визба), со пресметката и договорот не купила визба. Од страна на АД за стопанисување со станбен и деловен простор – --------- извршен е увид во катастарската евиденција по електронски пат и е увидено дека станбената зграда на ул. -------------------------- бр.4 има 4 подрумски простории и истите се заведени на 4 сопственици, но без право на сопственост (во графата за сопственост стои нула). Овој станбен простор има визба (согласно ИЛ 1789 заведена на име --------------------- но без право на сопственост), бидејќи истата не ја има купено. Од горенаведеното произлегува дека подносителот на пријавата го купил станбениот простор од --------------------- без визбен простор.

Од доставениот одговор со прилог документација се констатира дека од страна на вработени во АД за стопанисување со станбен и деловен простор – --------- на 08.07.2020 година е излезено на лице место и од увидот се констатира дека во предметната зграда има 4 помошни простории – подруми кои бесправно ги користат – два од нив посочениот сосед во пријавата, а останатите два лица кои не живеат на таа адреса. АД за стопанисување со станбен и деловен простор – ---------------------, исто така, известува дека стопанисува со државниот имот на Република Северна Македонија кој го има во својата евиденција (станбен и деловен простор), а предметниот станбен простор и подрумски простории ги нема во својата евиденција. Од сето горенаведено произлегува дека АД за стопанисување со станбен и деловен

простор – ---------------------- нема надлежност да му ги додели – продаде, ниту да води постапка за испразнување на узурпираните подрумски простории од соседот.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи постапил друг надлежен државен орган.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**